ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

По повод празникот на општината “6-ти Ноември”, Општина Валандово, распишува

# К О Н К У Р С

за доделување на наградата “6-ти Ноември” и годишно признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината

1. Наградата “6-ти Ноември” се доделува на физички и правни лица од Општина Валандово, од Република Северна Македонија и пошироко, како знак на општо признание за особени постигања и придонес во афирмацијата и развојот на општината во сите области на општествениот живот (стопанство, наука, уметност, образование, култура, хуманост и др.).

2. Наградата “6-ти Ноември” се доделува по повод Денот на општината “6-ти Ноември” и тоа за континуирани резултати за подолг период на работно и творечко ангажирање.

3. Признанието се доделува и по други поводи за лични залагања и особен придонес за општината, во сите области на општественото живеење, за пократок период.

4. Наградата “6-ти Ноември” е во форма на плаќета.

5. Признанието е во форма на диплома.

6. Право да предлагаат кандидати за Награда и Признание имаат сите правни и физички лица.

7. Предлогот мора да е образложен, а кога станува збор за поединци, група творци треба да се приложи и кратка биографија. Предлагачите притоа мора да нагласат за која од општинските награди го предлагаат кандидатот и треба да приложат своја полна адреса и назив на седиштето, односно името и адресата.

8. Краен рок за поднесување на предлозите е 15.10.2020 година до 15,00 часот.

9. Предлозите се поднесуваат на следнава адреса: Општина Валандово ул.”Иво Лола Рибар” бб Валандово, со назнака “За 6-то Ноемвриска награда”.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО